ФЕДЕРАЦИЈА НА УЧИЛИШЕН СПОРТ НА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНСКИ СОЈУЗ НА УЧИЛИШЕН СПОРТ-СТРУГА

ОПШТИНА СТРУГА

АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ

ДРЖАВНИ СПОРТСКИ ИГРИ

ГИМНАЗИЈАДА

ГИМНАЗИЈАДА

СТРУГА '24

БИЛТЕН бр.1

09 – 11 MAJ 2024

ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ НА ДРЖАВНИ СПОРТСКИ ИГРИ ЗА СРЕДНИ УЧИЛИШТА - ГИМНАЗИЈАДА "СТРУГА 2024"

П О К Р О В И Т Е Л И :

АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ГРАДОНАЧАЛНИК И СОВЕТ НА ОПШТИНА СТРУГА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА НА С. МАКЕДОНИЈА

О Р Г А Н И З А Т О Р И:

ФЕДЕРАЦИЈА НА УЧИЛИШЕН СПОРТ НА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНСКИ СОЈУЗ НА УЧИЛИШЕН СПОРТ – СТРУГА

О Р Г А Н И З А Ц И О Н Е Н О Д Б О Р :

1. НАУМЧЕ МОЈСОВСКИ – Директор на Агенција за млади и спорт на РСМ
2. РАМИЗ МЕРКО – Градоначалник на Општина Струга
3. ЈЕТОН ШАЌИРИ – Министер за образование и наука на РСМ
4. АЛЕКСАНДАР ТУФЕКЧИЕВСКИ – Претседател на ФУСМ
5. АЦО ЃУРОСКИ – Координатор на Гимназијада
6. ЖАРКО ФЕРУКОСКИ - Претседател на Општински СУС Струга
7. ГЛИГОР ХРИСТОВ - Генерален секретар на ФУСМ
8. МИЛАН КОЛЕВ - Претседател на Натпреварувачка комисија на ФУСМ
9. МУСТАФА АЛИУ - Претседател на СУС на Западен регион
10. КАТЕРИНА СЕКУЛОСКА - Секретар на Општина Струга
11. ЕРХАНДА БАУТА– раководител на Сектор за образование на Општина Струга
12. ДРИТАН АЈРО - Началник на ОВР Струга
13. ДОНЧО ЛОЖАНКОСКИ - Директор на Здравен дом – Струга
14. АДУРИМЕ ДАУТИ - Секретар на Црвен крст Струга

УЧЕСТВО НА ГИМНАЗИЈАДА "СТРУГА 2024"

Право на учество на Државните спортски игри за средни училишта ГИМНАЗИЈАДА "СТРУГА 2024" имаат сите средни училишта во Македонија, чии училишни спортски екипи и натпреварувачи обезбедиле пласман и учество на истата.

Право на учество на ДСИ Гимназијада "СТРУГА 2024" имаат редовни и вонредни ученици/ки од средните училишта запишани во учебната 2023/2024 година, кои се родени 2004 година и помлади.

Натпреварувањето на ДСИ Гимназијада "СТРУГА 2024" ќе се одвива во екипните спортови: ФУТСАЛ, КОШАРКА, РАКОМЕТ, ОДБОЈКА и ФУДБАЛ, како и во индивидуалниот спорт АТЛЕТИКА во машка и женска конкуренција.

На Гимназијада "СТРУГА 2024" во натпреварувањето во екипните спортови во машка и женска конкуренција учествуваат по 4 (четири) екипи, кои своето право на учество го стекнуваат на следниот начин:

1. Домаќинот технички организатор на Гимназијада "СТРУГА 2024" учествува директно со по една екипа во сите екипни спортови во машка и женска конкуренција.
2. Победничките екипи на Регионалните натпревари на Источен, Западен и Скопски регион во наведените екипни спортови во машка и женска конкуренција.

Натпреварувањето на Гимназијада "СТРУГА 2024" во екипните спортови се реализира во ЕДНОДНЕВЕН турнир во КУП систем, со одигрување на вкупно 4 (четири) натпревари, и тоа: два полуфинални натпревари; натпревар за 3-то место; и Финален натпревар за 1-во место.

Ждребувањето на екипите за полуфиналните двојки и натпревари се врши пред почетокот на натпреварите на турнирот, од страна на делегатот на натпреварите во присуство на професорите водачи на екипите учесници на натпреварите.

Во АТЛЕТИКА, натпреварувачите во машка и женска конкуренција учествуваат учествуваат директно без претходни регионални натпревари.

ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЕКИПИТЕ УЧЕСНИЧКИ НА ГИМНАЗИЈАДА "СТРУГА 2024"

Согласно Правилникот за натпревари на ФУСМ, за учество на ДСИ за средни училишта ГИМНАЗИЈАДА "СТРУГА 2024" екипите треба да ги исполнуваат следните услови:

1. Бројот на членовите-играчи на една екипа изнесува:
   - во ФУТСАЛ до 10 (десет) играчи;
   - во КОШАРКА и ОДБОЈКА до 12 (дванаесет) играчи;
   - во РАКОМЕТ до 14 (четиринаесет) играчи;
   - во ФУДБАЛ – машки до 16 (шеснаесет) играчи;
   - во ФУДБАЛ – женски до 14 (четиринаесет) играчи;

2. Пријавените играчи на една екипа на почетокот на Гимназијада остануваат исти без право на нивно менување или ротирање во текот на натпреварите на Гимназијадата.

3. Еден натпреварувач/ка има право на настап во два спорта.

4. Список на учесниците-натпреварувачи и водачи на екипата заверен од училиштето и лекарски преглед не постар од шест месеци за натпреварувачите се задолжителни.

5. Идентитетот на натпреварувачите се докажува со членска книшка на ФУСМ или друг документ за лична идентификација (лична карта, пасош, ученичка книшка).

6. Екипите учеснички немаат право да се засилуваат и настапуваат со играчи ученици од други училишта.

7. Екипите за време на натпреварите може да ги водат еден или двајца професори, кои ги има во списокот на учесници заверен од училиштето.

8. Екипите се должни да имаат еднообразна спортска опрема-дресови и со себе да носат топки за загревање, а домаќинот-организатор обезбедува топки за игра и натпревар.

9. На првите три пласирани екипи ќе им бидат доделени пехари, дипломи и медали, додека на четвртопласираната екипа ќе и бидат доделени само дипломи.

П Р О Г Р А М А
НА ГИМНАЗИЈАДА "СТРУГА 2024"

09.МАЈ.2024 - ЧЕТВРТОК - СТРУГА

10.00 часот: Пристигнување на екипите на ракометно игралиште „Горан Попоски-Бабец
10.30 часот: Свечено отворање на Гимназијада "СТРУГА 2024"
12.00 часот: Н А Т П Р Е В А Р И :

Терен ЖФК „АС ЈУНАЈТЕД„ :	ФУДБАЛ - ЖЕНСКИ
Спортска сала на СОУ „Нико Нестор" :	КОШАРКА - ЖЕНСКИ
Ракометно игралиште „Горан Попоски – Бабец":	РАКОМЕТ - МАШКИ
Спортска сала на СОУ „Нико Нестор" :	ОДБОЈКА - МАШКИ
Спортски сала „ТИМИ":	ФУТСАЛ - МАШКИ

10.МАЈ.2024 - ПЕТОК - СТРУГА

10.00 часот: Пристигнување на екипите
11.00 часот: Н А Т П Р Е В А Р И :

Терен ЖФК „АС ЈУНАЈТЕД" :	ФУДБАЛ - МАШКИ
Спортска сала на СОУ „Нико Нестор" :	КОШАРКА - МАШКИ
Ракометно игралиште „Горан Попоски – Бабец":	РАКОМЕТ - ЖЕНСКИ
Спортска сала на СОУ „Нико Нестор" :	ОДБОЈКА - ЖЕНСКИ
Спортски сала „ТИМИ":	ФУТСАЛ - ЖЕНСКИ

11.МАЈ.2022 - САБОТА - ОХРИД

Градски стадион "Билјанини извори" во Охрид

10.00 часот: Пристигнување на натпреварувачите
11.00 часот: Натпревари во АТЛЕТИКА - машки и женски